# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 23 септември 2003 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 34-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Има збор господинот Коце Трајановски, не е тука.

Хусеинџеват Хусеини, не е тука.

Ефтим Манев, не е тука.

Јашари Аднан, не е тука.

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На денешната седница практично продолжуваме еден континуитет на седници кои што беа посветени на сменувањето на досегашните членови на Републички судски совет преку првичната измена на Законот за Републички судски совет, претходно именувањето на судии на Уставниот суд на Република Македонија, па неизгласувањето односно неразгледувањето на измените на Законот на Републичкиот судски совет, па преку дискусиите на 34-та седница, кои дискусии се однесуваа на изборот на членовите на Републичкиот судски совет кои се предложени од страна на Комисијата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Сакам да искажам неколку збора за стручниот аспезкт пред се. Имајќи го пред себе Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет и разгледувајќи го сакам да го прочитам членот 4 од овој Закон кој децидно вели:

“Постапката за избор на новиот состав на сите членови на Советот, согласно со одредбите на овој закон ќе отпочне во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Изборот на членовите на Советот согласно со одредбите на овој закон ќе се изврши најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со денот на изборот на членовите на Советот согласно со ставовите 1 и 2 на овој член им престанува мандатот на членовите на Републички судски совет од постојниот состав на Советот.”

Сакам малку да го разгледаме овој член 4, имајќи го во предвид фактот дека овој закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет е објавен во “Службен весник на Република Македонија” на 1 јули 2003 година. Значи, согласно член 5 на овој Закон, овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување, што значи на 9 јули 2003 година. Оттука, се поставува едно логично прашање, а тоа е: согласно членот 4 кој што претхдоно ви го прочитав, а кој што вели дека изборот на членовите на Советот ќе се изврши најдоцна во рок од 60 дена од деноте на влегувањето во сила на овој закон, односно до 9 септември оваа година, заклучно со 9 септември, бидејќи на 9 јули тој влегува во сила, се поставува прашањето за престанокот на мандатот на членовите на постојниот состав на Републичкиот судски совет.

Имено, ставот 3 од членот 4 на овој закон вели: Со денот на изборот на членовите на Советот, согласно со ставовите 1 и 2 на овој член. Значи, согласно со тоа дека постапката ќе отпочне во рок од 15 дена, кој ден е запазен, меѓутоа, не се запазени одредбите кои што ги наведува ставот 2 на овој член каде што вели дека изборот на членовите на Советот ќе се изврши најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Тоа значи дека ние денес расправаме за точка на дневен ред која што не е во согласност, односно целта не може да се оствари во согласност со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет, затоа што рокот од 60 дена е истечен. Тој услов за престанок на мандатот на членовите на постојниот состав на Републичкиот судски совет е неопходен услов согласно став 3 од член 4. Уште еднаш ќе ви го прочитам: Со денот на изборот на членовите на Советот, согласно со ставовите 1 и 2 на овој член, им престанува мандатот на членовите на Републичкиот судски совет од постојниот

состав на Советот. Значи, тоа би можело да биде доколку овој избор беше извршен во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон, како што впрочем пишува и во него. За истиот тој закон гласавте сите вие, во однос на тој закон имаше многу дискусии дали е уставен, дали е неуставен, меѓутоа, одредбите од тој закон кои што ги имате донесено, ова Собрание, мора да се почитуваат.

Јас сугерирам да се преиспита валидноста на денешното разгледување на предлозите за членови на Републички судски совет од причини што согласно правната процедура, доколку сакаме да им престане мандатот на членовите на постојниот судски совет и да се имплементираат одредбите од измените кои што се однесуваат на застапеноста на заедниците со нивни претставници во Советот, во Републичкиот судски совет и во однос на разрешувањето на членовите на Советот кои што имаат исполнето услови за старосна пензија, ние ќе мора претходно да извршиме измена на овој член 4 на Законот кој што влегол во сила на 9 јули оваа година. Со тоа, рокот од 60 дена би го пролонгирале за онолку колку што е потребно за да може да се донесе овде валидна одлука која што ќе биде во согласност со измените на Законот за Републичкиот судски совет.

Денес, да ве потсетам сме 23 септември 2003 година и пробиен е тој рок од 60 дена кои што го предвидува Законот во кој е неопходно да се изврши изборот на новите членови на Републичкиот судски совет.

Овде, би сакал да укажам уште на една работа која што се однесува на Законот за Републички судски совет кој што ја уредува организацијата на Републички судски совет и остварувањето на работите од неговиот делокруг, кој што е утврден со Уставот на Република Македонија. Имено, во член 7 од овој закон кој што е донесен од порано, неуставно се предвидени во Советот да бидат избрани четири члена од редот на судиите и тројца од другите институции и дејности. Ова неуставност е утврдена со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија број 26/93, кој што го поништил делот од овој член кој што се однесува на изборот на четири члена од редот на судиите, а три члена од редот на другите институции и дејности. Согласно одредбата на Уставот на Република Македонија од членот 104, се избираат седум члена за Републички судски совет од редот на истакнатите правници со мандат од шест години и со право на реизбор на уште еден мандат. Оваа уставна одредба, напоменувам, оваа уставна одредба е пренесена во Законот за Републички судски совет. За Уставот е потребно 2/3 мнозинство, додека за Законот за Републички судски совет е неопходно мнозинство, просто мнозинство,

мнозинство од вкупниот број на пратеници. Што значи, на овој начин, на мала врата уставни решенија, за кои што е неопходно 2/3 мнозинство се внесуваат како законски решенија за кое што е потребно многу пониско мнозинство. Од тие причини, сметам дека треба да се разгледа и ова прашање, затоа што измените и дополнувањата кои што се вршат на овие закони, а врз основа на кои денес разговараме за изборот на нови членови на Републички судски совет и врз основа на кои му престанува мандатот на постојните членови на Републички судски совет, се работи кои што треба многу сериозно да се разгледаат и на тој начин да се избегнат сите овие недоследности кои што директно или индиректно значат непочитување на, односно изигрување, шпекулативно гласање во однос на нешто за што е потребно 2/3 мнозинство да се гласа со обично или просто мнозинство.

Исто така, како дилема во однос на овој избор е правото на постојните членови на Републички судски совет кој што се избрани со мандат од 6 години. Уставот на Република Македонија има рамка која не дозволува повратно дејство на законите и другите прописи, освен по исклучок кога тие се поповолни за граѓаните. Со Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет фактички е донесено неповолно, понеповолно решение за членовите за постојниот Републички судски совет, бидејќи за тројцата од нив се предвидуваат посебни уставни услови за избор и затоа што во член 2 од истиот е предвидено разрешување на членот на Републички судски совет што ги исполнува условите за старосна пензија и е понеповолен затоа што во членот 4 предвидено е престанок на мандатот на постојниот Совет пред истекување на мандатот, а со избор на нов Совет.

Значи, јас уште еднаш би апелирал и би истакнал дека целисходноста, законитоста, уставноста на денешното расправање по однос на изборот на членови на Републички судски совет значи непочитување на членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет кој што вие самите го донесовте само пред два - три месеци.

Ако сакаме а мора да сакаме, затоа што тука сме должни сите да го почитуваме и Уставот и законот, да се донесе, да се изврши законит избор на членовите на Републички судски совет, тогаш неопходно е најпрво, рокот од 60 дена кој што е предвиден во членот 4 на овие измени и дополнувања на Законот, а кој што е истечен на 9 септември оваа година, да се пролонгира со измени на тој закон и дури потоа да се спроведе постапка која што ќе значи почитување на рокот кој претставува неопходен услов, согласно став 3 од член 4 на овој Закон, каде што

престанокот на мандатот на постојните членови на Републички судски совет може да се случи само доколку изборот на членовите на новиот судски совет се изврши во рок од 60 дена и согласно став 1 од членот 4 на овој закон.

Апелирам најнапред да се разгледа ова прашање за да не расправаме безполезно и да се донесуваат одлуки кои што ќе значат непочитување на законите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дискусијата за Републички судски совет не можам да ја започнам ако не го наведам следното:

За да се предложат членови на Републички судски совет од соодветната комисија при овој законодавен дом, за сите тие предлози да дојдат на седница на Собранието на Република Македонија и за истите тие да се изгласаат, потребно е да постои соодветна законска основа. Таа законска основа актуелната власт ја црпи од последните измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет кој на сите нам ни е добро познато како успеа да се провлече низ парламентот, а кој владеачката коалиција толку многу го форсираше. Затоа сметам дека оваа расправа на крајот на краиштата е безпредметна, токму од овие горе наведените причини, но сепак, ќе се потрудсам почитувани колеги а и јавноста, токму на таа безпредметност а што е во врска со денешната седницас, односно изборот на Републички судски совет.

Имено, со Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет на најфлагрантен начин се крши Уставот на Република Македонија, токму во делот на Републички судски совет каде надлежностите, составот и неговиот избор се утврдени во Уставот, а Уставот сите знаеме дека е највисок правен акт во една држава.

Уставот како највисок правен акт претставува една рамка во која се дефинирани надлежностите на институциите на власта и сите закони, подзаконски акти мора да бидат во согласност со овој Устав и да бидат, што е најважно во

границите на таа рамка. Но, ние и тука имаме апсурд, како и секаде на друго место, во контекст на следното: Републички судски совет поднесе иницијатива за оценка на уставноста на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет до Уставниот суд на Република Македонија. Новиот Уставен суд, како што сите бевме сведоци беше набрзина составен, набрзина изгласан, за да ги брани сепак ќе кажам, тесно партиските интереси што и се докажа со оставката на господинот Миодраг Мицајког дена по неговиот избор за член на Уставниот суд на Република Македонија. За претседател на Уставниот суд на Република Македонија, само да повторам е избрана госпоѓа Лилјана Ингилизова, што на сите нам овде јасно ни дава слика за натамошната работа на овој суд. Откако го избравме овој Уставен суд, таков како што го избравме во тој состав, тој суд по поднесената иницијатива на Републички судски совет за покренување на иницијатива за оценка на уставноста на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет, утврди дека Законот не е во спротивност со Уставот на Република Македонија што почитувани колеги, на мене, како на правник, ми изгледа на класичен нон сенс. Секој оној од кој побарав мислење односно од моите колеги судии, адвокати, долгогодишни правници и ќе се послужам со речникот на колегата Јордановски, сите до еден дефинитивно се изјаснија дека овој закон е противуставен. Тоа значи, успеа да го види секој, само не Уставниот суд, за жал. Навистина не можам да ја откријам, односно се двоумам, која е вистинската намера на оваа Влада со ваквите законски измени на Законот за Републички судски совет.

Прво, дали е тоа имплементација на Рамковниот договор.

Второ, дали е тоа враќање на старите и докажани кадри со оглед на тоа дека имаме недостаток на нови.

Трето, дали ќе започне процесот на реформи во судството, но по строго селективен пристап кон личности, или е сосема нешто друго што јас навистина не можам овде да го видам.

Ќе ви укажам, а ќе ви дадам и можност на тоа да размислувате вака: Со оглед на дологодишното искуство во судството што го имаат скоро сите предложени членови, сите тие се запознати со судскиот систем, со функционирањето на судството, како што е наведено во нивните биографии, но дали со ова ќе се гарантира независно и самостојно судство, што е и основната цел на Републички судски совет, а потоа, таквите судии, со долгогодишно искуство можеби претставува добра можност, а многу често во праксата за жал се потврдува, тие со

тоа долгогодишно искуство да ги знаат сите слабости, недостатоци, злоупотреби во судскиот систем, што сеуште егзистираат во судството истите да бидат искористени максимално. Значи, добра тема за размислување. Дали долгогодишното искуство значи дека лицата, членови предложени за Републичкиот судски совет се навистина квалитетни или пак им дава можност на самите нив, знаејќи ги сите аномалии кои постојат во судството, да продолжат да го злоупотребуваат она што постои и егзистира во судството.

Затоа, сметам дека во тој правец требаше да оди и размислувањето на колегите во врска со предлозите за членови на Републички судски совет. Во демократските држави, каква што е и нашата, со Уставот јасно се дефинирани трите столба на власт. Многу пати до сега од оваа говорница беше кажано, меѓутоа не е лошо уште еднаш да се птоврди, а тоа се законодавната, извршната и судската власт. Таквата поставеност, како што е во нашиот Устав, треба да се почитува. Но, како што ни Уставот, за жал, со ваквиот, со изгласувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет не се почитува, така се почитува и оваа поставеност токму поради постоење на нејасна дефиниција или несакајќи да постои јасна дефиниција меѓу овие три важни сегменти на власта.

Вака поставени работите во Република Македонија уште еднаш се потврдува дека сме многу, многу далеку се уште во утврдувањето на точните граници помеѓу овие три власти. Имаме прелевање и инфлуенца на едната во другата власт. Крајниот резултат, почитувани колеги дека граѓанинот во Република Македонија не верува, а за жал уште долго време нема да верува во институциите во кој било дел од власта.

Колку извршната власт има огромно влијание, посебно врз судството ќе ве потсетам на изјавата на премиерот Црвенковски дадена за “Слободна Европа” во која се вели дека МВР добро работи, Обвинителството исто така многу добро работи, ама судството не работи. Вака, како што кажа премиерот, затоа што неговиот збо сепак има некоја тежина како премиер на Република Македонија, можеби ја наговестува, а сигурна сум дека ја наговестува кадровската чистка што треба да се појави во судството и да се изврши во судството, се разбира по изборот на овој Републички судски совет кој е по терк на актуелната власт. Со изборот на овој Републички судски совет ќе се заокружи процесот на “квалитетни и професионални кадри”, затоа што тоа е термин што власта го употребува за лица блиски до неа, почнувајќи од изборот на Јавен обвинител на Република Македонија,

реизборот на јавните обвинители, изборот на 124 судии и сега за крај, или за почеток на нешто, со Републичкиот судски совет.

Но, вака заокружениот судски систем не може да избега од будното око на Европската унија. Во контекст на ова ќе го спомнам Извештајот на Делегацијата на европската комисија во спроведувањето на процесот за стабилизација и асоцијација, во кој се наведува, цитирам:

"Недостаток на независност во судството е постојан фактор што бара ефективна акција без натамошно одлагање. Преовладувачко влијание од страна на извршната власт и на политичките партии врз судовите и врз јавните обвинителства, главно преку процесот на именување на судии и јавни обвинители е проблем што мора да се допре. Друга слабост е значително заостанатиот број на случаеви и како нивен резултат состојбата на судскиот систем блиску до паралелизам. Именувањето на членовите на Републичкиот судски совет од страна на Собранието треба да се реформира за да се овозможи деполитизација и ефективна независност на судството".

Е, токму тука, почитувани колеги од владеачката гарнитура требаше да ја покажете својата доблест и да се зафатите со реформа конкретно во однос на Републичкиот судски совет, а наместо да се прави класичен упад во правниот систем дерогирајќи го Уставот и ставајќи го Законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет над Уставот, кој пак начин разбирам дека е побрз и е побезболен отколку да се зафатиш со сериозни реформи во еден толку важен сегмент. Но, вашето оправдување е нека помине сега вака како што е за да не нé, а после ќе размилсуваме за реформи, што пак искрено верувам со оглед на досегашното долгогодишно искуство тешко дека ќе можеме да ги спроведеме.

Оттука, почитувни колеги, професионализмот, визионерството, кадровската политика, немешањето на политиката се во интерес пред се на јакнење на демократијата и демократските процеси во Република Македонија. А, со воспоставувањето на професионализам во институциите, посебно во судството, во крајна линија треба да го почувствува и се однесува на граѓанинот на Република Македонија.

Кога зборуваме за судството, мислам дека независното судство многу доаѓа под знак прашалник кога се работи за знак прашалник. Конкретно зборувам за процесот што се води против Илко Георгиев и Амди Бајрам од Штип. Ако го имаме тоа независно самостојбо судство, 9 месеци во притвор, од колегите што се

правници, сметам дека ќе ги надминува сите можни граници. Ако вака го замислуваме независното судство, тогаш Господ нека ни е на помош.

Затоа, да завршам почитувани колеги, пратеници од позицијата и посебно колегата Јордановски, не е работата ние од позицијата да ве изненадиме вас, работата вие да го изненадите граѓанинот на Република Македонија кој на 15 септември 2002 година го даде својот глас за вас.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Кондарко се јави за реплика, но претходно пред него има збор господинот Џелили, процедурално.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател,

Имам една процедурална забелешка. Бидејќи на дневен ред имаме избор на член на Републички судски совет, имаме конкретни предлози, би било добро да преминеме на предлозите, за конкретните предлози, секој предлог посебно, а не да имаме дебакл, бидејќи мислам дека е се многу јасно. Значи, имаме навистина јасен став од опозицијата, имаме јасен став на позицијата. Бидејќи позицијата рече дека треба да не изненади со предлогот, претседателот на државата не може да не изненади, мислам дека во случајов мислам дека има многу подобри избори отколку што се направил таков избор, мислам дека не е во ред, затоа предлагам да се прекине дебатата и да преминеме на конкретните предлози што се пред нас.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Забелешката Ви ја усвојувам.

Впрочем, само да потсетам сите овие дискусии за Законот за републички судски совет, за Уставниот суд итн, се водат под претрес по Предлогот

Ленче Софрониевска да биде избрана за член на Републичкиот судски совет. Тоа е дебатата во моментов. Меѓутоа, пратениците тоа не го почитуваат.

Господинот Кондарко има реплика.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам г. претседателе.

Се согласувам со забелешката процедурално на претходниот пратеник, меѓутоа ова е реплика на госпоѓата пратеник Којзеклиска која не се придржуваше на процедурата и дебатираше општо. А јас, со репликата сакам да појаснам односно да исправам некои наводи што сметам дека се неточни во нејзиното обраќање.

Имено, нас воопшто не не чуди што опозицијата не ги почитува одлуките на институциите. По мое мислење вие не ги почитувате институциите, што е најтрагично и кога сте на власт, а да не говориме кога сте во опозиција. Мислам дека вие не верувате во институциите затоа што и не верувате самите во себе, а ако не верувате самите во себе, тогаш во што и кому ќе верувате. Едноставно, ако вашите реформи во Републичкиот судски совет беа луѓето од типот на госпоѓата Дулиќ и г. Томислав Стојановски - Далавера, тогаш сметајте го дека се ова реформи на реформите.

И, сакам да кажам дека не се работи за никаков упад или против уставен закон. Вие цело време дебатиравте за Законот за измени на законот за Републички судски совет тој не е на дневен ред. На дневен ред се поединечки кадровски предлози.

Само две работи да појаснам. Како може нешто да е против уставно а да е предвидено да се спроведе со самиот Устав. Конкретно со амандманите на Уставот каде што се предвидува дека тројца од судскиот совет се избираат според новото мнозинство. Тогаш кој ќе треба да отпадне од судскиот совет за да на негово место дојде друг, по кој основ ќе биде определен тој кој ќе отпадне и како ќе се определат тие луѓе што ќе отпаднат? Тоа подразбира за да се спроведе уставниот амандман, да се смени целокупниот состав.

Втора работа на крајот, како може да е нешто против уставно ако не е предвидено односно забрането во Уставот. Уставот ниту забранува ниту пропишува дека не може на член на судскиот совет да му престане мандатот, туку само го одредува неговото време траење. За тоа имате одлука на Уставниот суд и мислам дека не треба вака популистички да ја користите говорницата за веќе завршена

правна работа и да злоупотребувате со тоа што наведувате во јавноста невистини дека овој закон е против уставен, дека е направен упад во правниот систем. Дури и да не беше одредбата за пензионирање, на крајот, на судиите, мораше да има нов избор на членови на Републичкиот судски совет, затоа што Уставот, Рамковниот договор тоа го предвиде со амандмините за да тројца се изберат според новиот начин на гласање.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска реплика на репликата.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас му благодарам на г. Кондарко што толку ревносно ги фаќа моите забелешки, меѓутоа би сакала само да му кажам дека сеуште сметам дека не ја злоупотребувам говорницата, затоа што членовите Ленче Софрониевска, Ангел Солев и не знам уште кои други се кадровски решенија односно личности кои сочинуваат една институција. А, хронологијата на институцијата и нејзиниот избор нема да биде лошо уште еднаш сто пати до сега да се повторат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Стојановски процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Денеска на дневен ред ни е избор на членови на Републичкиот судски совет. Од вас, како претседател на Собранието барам, претходно пред да продолжиме со расправа да добиеме информација за законитоста на денешниот избор, бидејќи по член 4 од Законот за избор на Републижки судски совет стои дека изборот ќе се изврши најдоцна од 60 дена. Тој рок не е испочитуван. 6о дена се изминати, а согласно тоа не може да им престане мандатот на членовите на последниот состав на советот.

Доколку е така, барам стручно објаснување дали да продолжиме воопшто со расправа или треба прво да се оди кон измени на законот па после да се дискутира околу изборот на членови.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ако мене ме прашувате, а ме прашавте, имаме услови да работиме.

Дали од пријавените има некој за реплика? (Нема).

Господине Тасев вие се јавувате за збор?

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За што?

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

За збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Па, дискутиравте веќе. По втор пат се јавувате за дискусија.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

По втор пат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се надевам нема да го прочитате истиот текст од стенограмот.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Претседателе, вие нема што да се надевате или не се надевате. Тоа е работа на секој пратеник. Дали ќе дискутирам и во кој правец ќе дискутирам, врзано за точката на дневниот ред, тоа е апсолутно мое право и мислам дека вашата забелешка во тој правец не држи. Ваквиате упади мислам дека не се во ред. Особено што не се прв пат и секогаш, на некој начин, се појавувате со такви

реплики, ваши, од ваша страна кога особено се пријавуваат членовите од опозицијата. Затоа ве молам во иднина да внимавате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Внимавам, јас сум должен да го одржувам редот во салата.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Затоа не ми е јасен вашиот упад и вашата забелешка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес сме поставени во една ситуација пред еден апсолутно неуставен избор на нов Републички судски совет. Притоа оправдувањето за ваквиот чин на СДС како позиција го наоѓаме во некаква наводна имплементација на Рамковниот договор. Но, како и секогаш до сега повторно морам да констатирам дека СДС така да кажам нé лаже и тоа без обзирно и пред очите на целокупната македонска јавност.

Сакам да потенцирам дека Републичкиот судски совет и измените на законот за Републичкиот судски совет немаат ама баш никаква врска во овој случај со Рамковниот договор. Барем ние од ВМРО-ДПМНЕ, како потписници на тој Рамковен договор во спроведувањето, во имплемантацијата можеме со сигурност да го потврдиме. Но, за да не биде дека обвинуваме или обвинувам без аргументи, дозволете ми на кратко да ја посочам или интерпретирам дел од содржината на Рамковниот договор што се однесува на овој дел, на делот на избор на членови на Републичкиот судски совет.

Како што веќе ви е познато потписниците на Рамковниот договор, меѓу кои повторно потенцирам е и ВМРО-ДПМНЕ, меѓу другото се согласија за извесно уставно ревидирање на начинот и изборот на трите државни органи, на Уставниот суд, на Републичкиот судски совет и на Народниот правобранител, а сето тоа заради наводно недискриминација и правична застапеност на припадниците на немнозинските заедници.

Па така, во членот 4 од Рамковниот договор чиј наслов гласи: “Недискриминација и правична застапеност” во потточката 4.3 е предвидено, цитирам:

“За Уставниот суд 1/3 од судиите ќе се избира од страна на Собранието со мнозинство од вкупниот број на пратеници што ќе содржи мнозинство од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат кон заедниците кои не се мнозинско население во Македонија. Оваа постапка ќе се применува и при изборот на Народниот правобранител и на тројца членови на Судскиот совет”.

Значи, тоа е цитирано од уставниот амандман.

Но, преговарачите во Охрид, фактички потписниците на Охридскиот рамковен договор всушност го договорија и процесот на целокупната имплементација на погоре договорените принципи. Изготвен е и текст на уставни амандмани што претставуваат Анекс А на Рамковниот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Тасев, согласно член 87 став 2, ви укажувам дека точката на дневен ред е - Предлог Ленче Софрониевска да биде избрана за член на Републичкиот судски совет. Не е тоа ниту Рамковен договор, ниту Уставот ниту законот врз основа на кои тоа го правиме.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Сакам да Ви кажам дека не го читам истиот текст. И тука всушност може вистината односно тука излегува на виделина колосалната или така да кажам мегалагата на СДСМ. Имено, членот 8 од Рамковниот договор е посветен на имплементацијата на Рамковниот договор, за што сведочи неговиот наслов имплементација.

Во подточката 8-1 е пропишано, уставните амандмани приложени во анекс а веднаш ќе бидат презентирани пред Собранието. Страните ќе ги преземаат сите мерки за да го обезбедат усвојувњето на овие амандмани во период од 45 дена по потпишувањето на овој Рамковен договор. Значи толку, ништо повеќе, никакви измени на закони, никаква друга имплементација. Значи, самиот рамковен договор ја има пропишано формата и досегот односно опсегот на сопствената имплементација. За разлика од тоа, за оние подрачја за кои имплементацијата на Рамковниот договор е изрично кажана е Анексот-б, и таму точно е наведено кои се тие подрачја. Тоа се 9

подрачја, а последното или 9-тото по ред е измената на Законот за Народнот правобранител. Уставниот суд и Републичкиот судски совет воопшто не се спомнати во Анексот-б, во Рамковниот договор, а повторувам, во Анексот -б, се наброени таксативно броевите кои треба да се изменат заради усогласувањето со Рамковниот договор. Значи имплементацијата на Рамковниот договор, во поглед на РСС и Уставнот суд, завршува со самиот чин на усвојувњето на Уставните амандмани и тоа не само што јас или некој друг така сакаме да толкуваме, туку затоа што рамковниот договор тоа изричито го има пропишано. Токму затоа дами и господа пратеници јас тврдам дека Законот за измени на законот за РСС. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Тасев врз основа на член 87 став 3, по втор пат Ве повикувам да се држите на прашањето кое се разгледува на дневен ред.

Продолжете.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Токму затоа јас тврдам дека Законот за измени на Законот за РСС нема врска со Рамковниот договор. ВМРО ДПМНЕ беше преговарачка страна во овој договор и ние точно знаеме што имаме потпишано на крајот на краиштата изричито е пропишана така како што е договорено и како и на кој начин се имплементира.

На граѓаните на РМ мораме да им погледнеме во очи и да кажеме дека во овој случај СДСМ едноставно не лаже кога тврди дека изборот на членовите на РСС е со цел за имплементација на Рамковниот договор. Напротив таквиот договор е против Рамковниот договор. Но, штетата од неуставниот избор на РСС ќе предизвика и други штетни последици од Рамковниот договор. Ваквиот избор сериозно го нарушува угледот на РМ, а посебно пред меѓународната заедница. Нешто што сме го договориле бидејќи го имаме спроведено во целост, сега кога на СДСМ му паднало на памет дека не му се по мерка членовите на РСС, ние повторно тврдиме дека го спроведуваме она што е договорено.

Како доказ повеќе дека изборот на РСС не е мотивиран со Рамковниот договор, ќе ми послужи и фактот дека со постојниот состав на РСС веќе има тројца членови кои се припадници на немнозинските заендици и тоа двајца албанци, Мустафа Дрлишта и Махмуд Јусуфи и еден по . . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Тасев, врз основа на  член 87 констатирам дека и при повторното повикување да се придржувате на прашањето на дневен ред, вие продолжувате да дебатирате за Законот кој е поминат во Собранието, кој пред Уставниот суд е доведен во прашање, имаме конечна одлука на Уставниот суд која не е на дневен ред, ниту Собранието коментира одлуки на Уставниот суд и врз основа на тоа, а со оглед дека дебатираме за изборот на Ленче Софрониевска за член на РСС, а вие не се пдржувате на дневен ред и по второто укажување, со ова трето укажување ви го одземам зборот.

Дали друг бара збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално сакам да кажам нешто.

Претседателе, сметам дека на овој начин се прави еден обид да се замолчи опозицијата. Ова не ви е прв пат, како претседател на Собранието. Секогаш дофрлувате, пред или после дискусиите на опозицијата и на мене лично некоклу пати и секогаш вашиот збор е завршен, иако не е деловнички. На овој начин неколку пати на дискутантот овде, Орданчо Тасев, му упаднавте на зборот. Уште на почетокот кажавте дека навистина ќе го прекинете, бидејќи дофрливте, не сакам да употребам некој погрден збор.Дека ова може би му е иста дискусија и незнам што, дека втор пат дискутира, во ред беше тоа, меѓутоа, дека истата ќе ја прочита како претседател на Собрание крајно не добро е со такви упади да се оди.

Сметам дека Орданчо Тасев дискутираше во врска РСС а бидејќи Ленче Софрониевска ја бираме за член на РСС и блискоста на изборот со областа во која се бира, сметам дека е во ред. Ако е така, во тој случај дај да се договориме војнички да работиме па во тој случај нема да има ни дискусии. На овој начин сметам дека сакате да го замолчите Парламентот и опозицијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Забелешката не Ви ја прифаќам.

Уставот на три пати беше тука, врз основа на Рамковниот договор на дебата се усвои, Законот се расправаше, Претседателот не го потпиша, по втор пат расправавме и не можеме по бескрај број пати да го доведуваме во прашање тоа што е поминато низ парламентот, кога имаме конкретна точка.

Дали некој друг бара збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, претставници од Владата не гледам

Јас се јавив за дискусија за точката која што е на дневен ред, значи предлог на Комисијата за избор и именувања за нов состав на Републички судски совет, и ќе се обидам барем од мој агол на гледање да искажам некои дилеми кои што барем кај мене постојат околу овој избор.

Во историјата на Парламентарните демократии, барем во Европа постојат одредени би рекол пресвртни моменти кои што определуваат судбина на цели народи, можеби човечки судбини како индивидуи, или пак групи на луѓе, бидејќи е Парламентарна демократија како политички партии.

Јас ќе го споменам примерот на Англиската Парламентарна демократија како најстара, каде што една дебата помеѓу брилјантниот англиски премиер г-динот Израели, кон средината на минатиот век, кој што ја детерминираше целата источна криза и расплетот со Берлинскиот конгрес кој што директно тангираше судбина на цела Македонија, еден хуманист човек со би рекол натпросечни можности за согледување на она што се случи на Балканот г-динот Глетстоун и неговата парола - ако некаде постои врв на голгота, тогаш врв на таа голгота е Македонија. Значи, победата на тогашната позиција англискиот премиер г-динот Израели, неговата теорија за хоризонтални и вертикални поделби на Европа, полиња на поделба на Европа и спречување на цели народи да излезат на топлите морињa ја определи судбината на Република Македонија денес. И за тоа никој не бил свесен пред 150 години, или повеќе но во секој случај таа теорија, реши судбина на цел еден народ. Ние како малечка држава немаме и не предираме сигурно да решаваме такви меѓународни големи прашања но сигурно дека можеме да разрешиме многу од оние судбински прашања или многу човечки судбини, ако во еден поширок контекст ја гледаме РМ, како држава која што има изострени меѓуетнички изострени прашања во поглед на поделбата на богати и сиромаши, време на транзиција и она што значи незадоволство како огромен дел на популација во РМ, од таа транзиција, затоа што живееме во еден друг систем и на крај третото изострени внатрешно политички односи во државата по прашања кои што ја тангираат парламентарната демократија. Тие прашања се многу очигленди. Значи парламентарната демократија во основа е застапена преку политиката. Политиката која што по дефиниција претставува идеја, на група на луѓе, кога се работи за Парламентот, како тие размислуваат да уредат, подобро, одреден општествен економски процес. Во

економијата, во одредени да речеме институции на системот, низ лапидарен сумар тука преку оваа парламентарна  говорница или пак преку законска пишана норма, таму каде што тоа треба да биде предложена како предлог закон. Тоа е значи улогата на политиката. Но, политиката е сепак свет на и магинарното. И има многу малку допирни точки со реалното, и има само тогаш кога таа политичка организирана идеја низ функција доаѓа да се провери кај јавното мнение, кај граѓаните на РМ. Политиката најмалку треба да се меша во реалниот свет, во судството, оти судството е дефиниција е вага и секој грам кој превагнува на таа вага може да го определи да речеме, во негативна конотација, да решава за човечка судбина, на некоја индивидуа, за судбина на некоја фирма, или компанија, АД, со ограничена одговорност или пак да речеме во еден цел процес кој што судството ги има разрешување на разни спорови по одделни области. Ако така ги гледаме работите, тогаш очиглендо е дека ние не можеме во услови кога токму овие денови се води дебата во Холидејн дека е потребна реформа на сдуството во РМ. Пред малку дадовме со двотретинско мнозинство, дека гласавме треба да има измени на Законот за судовите и така т реба, и Законот за извршна постапка, но сигурно се води дебата и тоа дебата за начинот на кој се избираат судиите во судовите во РМ и воопшто организација на судството. Таа дебата кажува и тоа од Советот на Европа, истовремено и претставниците на УСД дека таму се случува дебата за тоа дека е потребна коренета потреба во делот на РСС. Тоа е неспорно дури и предлагачот на овој состав на РСС во новата форма искажа такво мислење дека, еве после извесно време ќе се пристапи кон реформа која еве сега во овие денови се дискутира во Холидејн, или Александар Палас, или незнам точно каде. Значи, точно е тоа дека ние сме на една пресвртница во делот што претставува РСС во кој што, ова претходно го кажав, ќе биде влијанието на политиката тргнато и самите судови, самите судови, самата цел организирана после на судството ќе решава како треба да биде организиран РСС. Зошто тогаш, кога ние во овие 12 години сме имале 2 РСС, еден РСС 1993 или 1994 година, незнам точно со еден состав таков како в што беше, со целосна почит, не сум компетентен да зборувам за имиња, верувам во квалитетите на тие личности, и вториот РСС кој го имавме истсо така во едно време кога се следеше таа димензија од уставот донесен во РМ. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ѓорчев, должен сум по Деловникот да Ви укажам дека не водиме дебата по начинот на избор на судски совет и по уставните решенија за тоа како судството се избира. Тоа е регулирано со Уставот и Законот. Ако за тоа треба да водиме дебата вие сте овластен по Уставот да поднесети иницијатива во вид на закон или амандмани и да водиме дебата. Сега водиме дебата за изборот за Ленче Софрониевска за член на РСС врз основа на законите кои се донесени и не можеме да ги доведуваме во прашање во овој момент. Ќе ги доведеме кога ќе ги ставиме на дневен ред. Ве повикувам да се вратите на точката.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Добро. благодарам г-дине претседателе на укажувањата.

Значи сме во ситуација сега, како предлагачи во Македонскиот Парламент да решиме за конкретни предлози  значи ненавлегувајќи во квалитетите на личностите за кои сметаме дека се нспорни. Да размислиме дали и понатаму треба да одиме со ваквиот предлог кој повторно, по самата своја суштина, од она што го предлгаме, има своја политичка димензија. Значи, тука малцинството не може да го спречи мнозинството да го излгаса тоа, но мнозинството може да помогне на судството, заеднички да излеземе од овој волшебен круг и после некое време, после, да речеме, брзи реформски промени, сигурно, како што ги поддржавме и другите промени, да гласаме за она што го предложите како реформиран предлог за нов закон за РСС и тука ќе ве поддржиме максимално. Оттука, јас како пратеник на македонскиот парламент од страна на опозицијата, апелирам да го повлечете предлогот, конкретно за сите кандидати.

Моче ли г-дине претседателе така да предложам, за сите кандидати, затоа што сметам дека повторно ќе имаме узурпација на политичката волја, над волјата на правото, со сета почит, уште еднаш ќе кажам кон квалитетот на кандидатите. Меѓутоа, неспорно е дека, кога македонскиот парламент во трет наврат, во политичка конотација го бира РСС, и овој пат ќе се повтори влијанието на политиката врз судството, а тогаш веќе човечката судбина ќе биде неизвесна, на оние за кои ќе се расправа во судовите.

Оттука, уште еднаш ве замолувам, ние како опозиција тука не можеме да ве спречиме да го изгласате составот на РСС по сите точки. Но, вие како позиција, како мнозинство имајте го предвид тоа што го укажуваме, бидејќи уште еднаш ќе дадам уште една парадигма од раните спомени на Симеон Радев.

Во времто на формирањето на ВМРО во РМ, интелектуалците во Македонија во тоа време во Отоманската империја пишувале протесни писма до Амбасадите во Виена во Лондон, во Париз, во Берлин и турските власти, им се извинувам на припадниците на турската заедница ако за нив ова на некој начин отстапува од она, како да го наречам сега, злоупотреба на тоа време. Меѓутоа, тие се смееле и викале, пишете, пишете, жалете се. Потоа пишувањето прераснало во молчење, а од молчењето потоа дојде и до Илинденското востание. Затоа, Ве замолувам да не продуцираме тука ситуација во која изборот на РСС, во една свера на независност ќе предизвика страв, стравот ќе роди гнев, гневот ќе роди омраза, омразата ќе роди одмазда.

Четири години во животот на еден човек се мал период, 12 години се исто така многу ал период и за човечки живот и за историска димензија. Да бидеме свесни тука заедно да се определиме за реформирана димензијај каде ше ќе предложите, ќе ве поддржиме како опозиција за она што претставува РСС, да преставува усогласен закон со Европските стандарди, со она што претставува Европска димензија во судството. Таму чекориме и таму треба да се најдеме. Мојата порака е таа, доколку биде разбрана.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

искрено, исто така се надевав дека нема да дојдеме до тука т.е. до оваа точка, за персоналнот избор на РСС. Меѓутоа се почна од февруари 2003 година. Се почна со предлогот за изменување и дополнување на Законто за РСС и со една одредба која значеше пензионирање на членовите на РСС, иако тука се искористи како повод Рамковниот договор, според кој требаше, заедниците кои што не се мнозинство во РМ да имаат одреден процент на застапеност во РСС.

Сметам дека законот беше неуставно донесен поради што и претседателот на Републиката не го отпиша. Меѓутоа, еве дојдовме до тука, законот се изгласа и ние според него сега треба да избереме нов персонален состав на РСС.

Комисијата за избор и именувања ги предложи овие кандидати. Притоа не беше консултирана опозицијата. Беа дадени некои изјави во медиумите, не сакам да ги коментирам.

Иако на самата комисија беа предложени кандидатите, што не ни даде ни доволноможност уште на Комисијата да можеме да го кажеме своето мислење по однос на членови на РСС.

Позицијата т.е. СДСМ заедно со ЛДП и ДУИ побараа во мегувреме  да ги смени постојните членови на Републичкиот судски совет и притоа, кршејќи го Уставот и игнорирајќи го укажувањето на претседателот на Република Македонија. Ова е една од последните, можеби завршни чекори во ставањето на судството под контрола на власта на СДСМ, т.е. ЛДП и ДУИ. Впрочем, премиерот на Владата на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски, за радио Слободна Европа кажа: “Полицијата добро функционира, обвинителството исто така добро функционира”. Јас би рекол како и не кога тие се избрани од новата власт. Единствено, не функционира судството. Притоа со свои критики се појавуваше и Јавниот обвинител на Република Македонија, значи се создаде една клима за менување и за ставање на судството под капата на власта. Ова е најкрупниот чекор и последен, како што реков, а целта е многу јасна. Госпоѓата Ленче Софрониевска да биде член на Републичкиот судски совет а најверојатно ќе биде и претседател на Републичкиот судски совет. Има сознание дека практично, и Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет е нејзина идеја, тоа веќе е и јавна тајна во судството. Оттогаш, од февруари, јас и на една од комисиите, кога се носеше Законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет, кажав дека овој закон практично се носи за една личност, а тоа е Ленче Софрониевска. Таа уште од тогаш почна да прави списоци меѓу судиите на подобни и неподобни, нормално на идниот претседател на Републичкиот судски совет. Па знаејќи ги ингеренциите на Републичкиот судски совет, а тие според Уставот се Републичкиот судски совет на Собранието му предлага избор и разрешување на судиите, одлучува за дисциплинската одговорност на судиите, ја оценува сличноста и совесноста на судиите во вршење на нивната функција. Сега кој судија не може поради нестручно и несовесно извршување на функцијата да биде разрешен, впрочем ние тука во Собранието кога разрешуваме судии многу често или најчесто со оваа реченица ги разрешуваме.

Сведоци сме во последно време на голем број на притварања ни притоа за нив нема судски завршници. Сметаме дека на овој начин со изборот на Ленче Софрониевска за член на Републичкиот судски совет, а понатаму предвидуваме дека ќе биде и претседател на Републичкиот судски совет се прави обид овие

притварања, овие кривични пријави да имаат своја судска завршница, бидејќи и самата влада е загрижена, бидејќи реагира меѓународната заедница, со оглед на тоа што нема судска засвршница, судиите не судат онака како што мисли Владата и затоа на власта единствен механизам и е да постави нов Републички судски совет, а нормално на него претседател од кој што сите судии однапред ќе знаат што треба да работат. Со судските завршници Владата ќе може на домашната и на меѓународната јавност да и каже еве има и судска завршница, ние тука не сме виновни, сметаме дека е незаконско и заради тоа Владата нема ништо тука.

Покрај ова, сигурно и со селективните бркања од работа кои што сега исто така ќе побараат судска заштита и доколку не се направи оваа измена во Републичкиот судски совет, сметаме дека судството понепристрасно би реагирало или би пресудило по однос на приговорите и барањата на брканите од работа, меѓутоа, на овој начин исто така ќе се заплашат судиите, така да сета онаа акција што ја прави Владата, а тоа се и овие селективни отпуштања кои што сега траат и понатаму се наведуваат, кои најнови се за Македонските железници каде треба да бидат отпуштени повеќе од 2.000 луѓе со тоа и ти луѓе ќе неможе да добијат вистинска и правична судска завршница.

Не би сакал да зборувам за социјалните станови, кои што Владата исто така ги одби анблок сите, исто така, ќе имаат судски процеси на овој начин и за нив ќе биде многу потешко.

Од овие причини сметам дека на власта и треба Републички судски совет кој што ќе биде под нејзина контрола, кој доследно ќе ги извршува желбите и идеите на власта во кој ќе седат луѓе кои се блиски на власта, т.е. на СДСМ, ДУИ и ЛДП.

За блискоста на госпоѓа Ленче Софрониевска, адвокат од Скопје од СДСМ може да се каже и тоа дека таа беше секретар во Владата на господинот Бранко Црвенковски и од таа Влада беше од 1994 до 1996 година, иако можеби некој ќе рече па добро, секретарот не мора да биде партиски определен, и јас би рекол немора, меѓутоа не се бира секретар на Влада кој што не е близок до владеачката партија. Во 1996 година е избрана за претседател на Апелациониот суд, се разбира, нормално по препорана на тогашниот претседател на Владата на Република Македонија и тогаш реагирал Стејд Де Партментот укажувајќи дека се избира личност блиска до власта која ќе ја загрози независноста на судството. Меѓутоа, реакцијата била залудна и Ленче Софрониевска остана претседател на Апелациониот суд до 1.07.2000 година, а не како што е наведено во биографијата до

крајот на 1999 година. Значи би сакал тука да исправен еден неточно даден наод, бидејќи госпоѓата Ленче Софониевска до крајот си го одработи својот мандат како претседтел на Апелациониот суд. Ние тогаш имавме доблест и не мислевме како што сега мисли позицијата, па се што беше ставено од претходната Влада, со незнам какви се механизми, вклучително и измена на закони да можеме да ги смениме. Така да госпоѓата Ленче Софорниевска не беше жртва на Владата во 1999 година.

Исто така, во биографијата е наведено дека се решени од 13.000 и нешто предмети, решени се експресно 2.500 предмети. Тука сакам да наведам дека од тие 13.000 предмети претежно биле прекршочни од кои 8.000 со изминат рок, така да на некој начин само се правиле формални решенија, значи повеќе од 60% на предметите биле завршени под тој основ. И тие 13.000 предмети не биле поради неработење на тогашниот суд, туку поради реорганизацијата на судството, така да сите приговори и предмети биле лоцирани со новата реорганизација во Апелациониот суд.

За нејзината блискост со СДСМ, зборува и фактот што таа сега е правен застапник, додека не се избере член на Републичкиот судски совет, а верувам дека ќе ја изберете, таа е правен застапник на “Скопски пазар”, “Фершпед”, “Пуинг”, “Градски трговски центар”, а знаеме дека тешко така некој да ги добие овие претпријатија. Исто така сметаме дека постои судир на интереси, знаеме дека госпоѓата Ленче Софрониевска има адвокатска канцеларија во која што работи нејзината ќерка и нормално е тоа е семеен бизнис, мислам семејна професија и доколку госпоѓата Ленче Софрониевска биде избрана за член на Републичкиот судски совет, во тој случај, нејзината керќа ќе продолжи да работи во канцеларијата, што е сосема нормално, неможе ние да бараме таа канцеларија да се укине, меѓутоа, во тој случај постои судир на интереси. Сега се прашуваме кој судија сќе може непристрасно да одлучува, доколку некој од предметот го води ќерката на членот или претседателот на Републичкиот судски совет, госпоѓата Ленче Софрониевска. Сметам дека судиите ќе ги ставиме во многу неповолна положба, да се ставиме ние во нивниот случај, во тој случај сметам дека сите тие ќе бидат под еден привиден притисок како да одлучат, бидејќи сметајќи дека госпоѓата Ленче Софрониевска ќе биде член на Републичкиот судски совет, а знаејќи ги ингеренциите на тој Републички судски совет, во тој случај, ќе настанат и проблеми по самите нив и по нивната егзистенција.

Од овие причини, кои што сега ги кажав сметам дека треба да го повлечете предлогот за госпоѓата Ленче Софрониевска со што практично ќе докажете дека се борите за непристрасно, независно судство и непартиско судство како позиција на СДСМ, ДУИ и ЛДП. Вие секако можете да изберете, но наше е јавно да ги кажеме овие забелешки, времето ќе го покаже тоа дека сме биле во право, само ќе има многу проблеми додека тоа излезе на виделина. Затоа сметам дека треба да го повлечете овој предлог да продолжи да работи постојниот Републички судски совет. Беа кажани и некои забелешки, бидејќи законскиот рок е поминат од 60 дена во кој што сега го избираме, тоа е наше мислење, да почнат реформите во судството, во кои што изборот на судиите, вклучително и на Републичкиот судски совет и на Уставниот суд еднаш засекогаш ќе го тргнеме од Собранието на Република Македонија. Ова тука го кажаа многу пратеници, само јас би сакал да го повторам и од позицијта и од опозицијата, сметам дека нема пратеник кој што поинаку размислува, за да не бидеме ставени во заложништво само на судиите, или пак тие во наше заложништво и сметам дека позицијата требаше да има доблест да почне со тие реформи. Нормално многу побрзо ќе се завршена доколку сите имавме консензус по тоа прашање и еднаш засекогаш ќе дадевме еден голем сигнал дека навистина ние сакаме во Република Македонија да имаме независно и непристрасно судство. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Повод да се јавам по однос на точката на дневен ред има повеќе, ќе се потрудам да ги кажам оние неколкуте кои што навистина ме инспирираа да се јавам за дискусија.

Прво, се надевам дека ќе бидам конкретен и дека нема да избегам од темата. Прво тука еден колега пратеник повика со една јака мисла, значи изненадете не, значи изненадете се самите себе, за на крајот да излезе дека од сите тие само тој е изненаден. Зошто велам изненадете не, беше повикот на опозицијата да го поддржин овој предлог што го предложи Комисијата за избори и именувања, значи однапред свесен дека опозицијата тоа нема да го поддржи, па се повикавме со изненадете не и еднаш гласајте за еден предлот како што го достави Комисијата за избори и именувања.

Меѓутоа, очигледно тешко ќе можеме тој пратеник да го изненадиме, затоа штго и тој веројатно е изненаден од тоа каков кандидат ни се предлага. Исто така, тоа е еднииот мотив, односно еднииот повод на кој што повторно ќе се осврнат, а вториот мотив е тоа што добро се сеќавам кога се бираше претходниот состав на претходниот Републички судски совет, се сеќавам на тогашните колеги од тогашната опозиција, сега позициоја, особено на зборовите на господинот Тито Петковски кој што доста долго дискутираа и доста долго не обвинуваа дека кадрите кои што ги поставуваме на чело со Благородна Дулиќ, па понатаму со Томислав Стојановски и така натаму се исклучиво партиски кадри и со тоа ние вршиме упад во системот, поточно во правосудниот систем и во оноj орган кој што треба да ја спроведува постапката за избор, па и контролана судиите. Дури господинот Тито Петковски кажа дека тој никогаш нема да верува, односно нема да има доверба во еден таков Републички судски совет, затоа што тој Републички судски совет според него, ќе ги спроведува тесно партиските интереси. Сега повторно се враќам на она изненадете не, или изненадите се самите себе. Кога навистина би бил изненаден и навистона би ве изненадиле господине Јордановски, доколку денеска го немавме предлогот да гласаме за госпоѓата Ленче Софрониевска. Ако ние во тогашното време можевме да бидеме обвинувани за тие кадри кои што ги поставивме, денеска истото и вие го имате. Тешко ќе можете да не знаете дека Ленче Софрониевска е апсолутно непартиски кадар. Меѓутоа, едната работа е зошто фактички ниту ние ниту вие сте изненадени затоа што ако ние ја научивме лекцијата и сеуште учиме, тогаш до 15 септември 2002 година помина една година, еве помина и 15 2003 година откако владеете, барем вие требаше да ја сватите односно да ја научите онаа лекција, што можеби ние тогаш не ја научивме. И кога сега излегувате со предлози повикувајќи се на сета она кампања, повиокувајќи се на сето она што го зборувавте во јавноста, за кое што навистина народот ви даде поддршка, имавте можност почитуван господине Јордановски, вас ви се обраќам, вие бевте претседател на Комисијата за избори и именувања, значи имавте можност сега навистина, да се држите на платформата на која ја зацртавте. Значи во овие институции да немаме директни партиски кадри. Сега некој ќе праша па што зборува Караџоски, од каде излезе дека некој поставува партиски кадри. Од каде излезе ќе се осврниме на онаа биографија, која што овдека ни се нуди. Таа е доставена до сите нас, таа се чита, се зборува за се она што таа работела со една огромна гордост, веројатно, кај госпоѓата кандидат е и овдека истакнато дека таа била член на Претседателството на ЦК СКМ од 1986 до 1989

година. Значи тоа е една квалификација која оваа госпоѓа, во однос на сите други кандидати ја издвојува како нешто посебно со оглед на другите дека не биле членови на ЦК. Сега да не сееме магла, сите ние добро знаеме која беше СК, сите ние добро знаеме која беше ЦК, сите ние знаеме како СДСМ стана демократска партија. Направи една претумбација од СКМ, стана СКМ Партија за демократска преобразба, па стана СДСМ, значи дека во секоја случај ги влече генезите од она што некогаш било едноумие. Значи некаков директен наследник. Тоа е онаа почетна кариер на госпоѓата Ленче Софрониевска, со тие партиски стажови што ги имала во тоа време. Исто така се кажува дека оваа госпоѓа била републички советник во Владата на Република Македонија од 1990 до 1994 година, па била секретар на Владата на Република Македонија од 1994 до 1996 година, што значи сите ние добро знаеме како кај нас се бираат владите. Ние освен една експертска влада на почетокот, сите други влади ни се партиски влади. И многу јасно во таа политичка влада дали може некој да седи, дали е тој секретар, или е тој републички советник, некој што апсолутно не е близок со владеачката гарнитура, или барем малку повеќе да има партиски стаж. Сигурно, во цело тоа време не се случило некој член, или симпатизер на ВМРО да добие ваква функција, ниту пак неутрален кој воопшто не е во политички води, не можел да добие таква фукција, ниту тоа пак денеска се случува.

Значи, сомнежот постои. И нормално е кога зборуваме дека одредени кадри кои што ни се нудат имаат партиска позадина, нормално е да се спомнат и овие функции. Тоа е она што се знае. Од ова што ни го нудите  што е тоа можеби што не се знае, односно не е овде дадено така јавно за да се разбере. Би сакал да спомнам и некои други работи. Значи, покрај тоа што госпоѓата Софрониевска е личноста која кон крајот на 80-тите години, значи пред распрадот на социјализмот беше член на ЦК на поранешниот Сојуз на комунисти. Да ве потсетам дека е таа онаа истата Ленче Софрониевска која беше еден од актерите на најголемиот политички скандал во Македонија во пресрет на крајот на едноумието. Да ве потсетам на случајот Вевчани. Сеуште ја паметиме како во првите партиски редови на ЦК, на СКМ ја поддржуваше бруталната насилничка акција на тогашното МВР врз жените и децата од Вевчани. А

која беше пак целта? Целта беше да се удоволи на тогашниот генерален секретар на ЦК. Значи, да не се враќам многу  назад, ова само како потсетување.

Втора епизода во која што е забележителна оваа госпоѓа е, да ве потсетам на популарните фришопови во 1994 година. Тогашниот и сегашниот премиер господинот Бранко Црвенковски со одлука на Влада се формираа фришопови кои што не беа ништо друго, туку едно легло на тогашна добра корупција за да после откако се сфати, откако се удоволија апетитите на сите партиски функционери во СДСМ, бидејќи требаше тоа да се направи за да по девет месеци истиот тој премиер откако ја сфати грешката, ги укина фришоповите. Меѓутоа, во периодот од девет месеци да не заборавиме една работа токму госпоѓата Ленче Софрониевска преку сопствениот сопруг си направи еден добар бизнис, си отвори еден фришоп, така што еден дел од тој бизнис дојде и во нејзините раце. Сега оваа иста госпоѓа денеска треба да ја ставиме на едно тело кое што не само што ќе има функција да предлага и избира, туку и функција да го контролира судството во неговиот дел на независна власт. Ве прашувам, со оглед во борбата против корупцијата, човек кој што во тоа време имал некакви релации, се поставува прашањето колку ќе биде успешен во тој дел. Значи, тоа е оној сомнеж кој што ние овде сакаме јавно да го искажеме.

Епизода трета, Ленче Софрониевска од позицијата на секретар на Владата е избрана за судија и веднаш за претседател на Апелациониот суд во Скопје. Значи, почитуван господине Јордановски, со ниту еден ден  судиски стаж во овој суд таа стана негов претседател. За тоа каков скандал беше при изборот не мора да зборувам. За реакцијата на американскиот Стејд Департмент исто така да не зборувам, Спиро Мавровски зборуваше, не сакам да се повторувам. Но, фактите постојат. Исто така, според реакцијата на американскиот Стејд Департмент македонското судство тогаш доби негативна оцена. Главна причина Ленче Софрониевска. Значи, да не го елаборираме тоа пошироко. Одиме понатаму.

Епизода 4. Е сега ова можеби пошироката јавност не го знае, меѓутоа секој член на СДСМ, ама барем оној кој малку е побиску до раководството сигурно го знае, оние да речам ситните, или подалечните  членови можеби не го знаат, еве нека го слушнат. Ленче Софрониевска во периодот од 2000 до 2002 година додека СДСМ беше во опозиција беше еден од најистакнатите членови на партиската Комисија за политички систем чиј претседател тогаш беше професорот Борче Давитковски. А да ве потсетам кои членуваа: Мери Младеновска, Тито Петковски, Борис Кондарко, Александар Гештаковски, Јован Трпеновски и други заслужни лица. Значи, покрај нив и Ленче Софрониевска. Пак да ве потсетам, каде се денеска овие господа?

(Му се обраќа на Љупчо Јордановски).

Тебе не те спомнав, се извинувам. Значи, денеска овие господа се на високи политички функции. Кондарко е пратеник, Тито Петковски е пратеник, Љупчо Јордановски е пратеник и претседател на Комисија за избори и именувања, Александар Гештаковски е министер, Ленче Софрониевска член на РСС, значи сите задоволени апетити. Меѓутоа, тоа директно ја потврдува тезата дека ставате партиски кадар. Можеби не како Томислав Стојановски, можеби многу полоша варијанта.

Исто така, епизода петта. Значи Ленче Софрониевска не само што е партиски војник на СДСМ, таа е и моментално главниот советник за кадровски прашања на партискиот лидер на господинот Бранко Црвенковски. Значи, главен партиски советник. Што мислите, која личност стоеше зад срамниот избор на Уставниот суд и јавната бламажа која му беше приредена на професорот на Правниот факултет Миодраг Мицајков. Тоа треба вие да го знаете. Која е личноста што така ревносно и го отвори патот на Лилјана Ингилизова кон претседателското место на Уставниот суд? Повторно значи Ленче Софрониевска, покрај другите, но и таа. Значи, господине Јордановски изненадете ме, ама изненадете се и сами себе. Кога се зборува да биде некој изненаден, прво треба да му поставите чиста ситуација, чиста слика, да кажеме дека овој кадар, или овој конкретен случај кој што го предлагаме немал никогаш врска со СДСМ, немал врска ниту со ВМРО-ДПМНЕ. Во Македонија имаме такви многу случаи. Тогаш кога таков кандидат ќе ни предложевте, господине Јордановски навистина ќе бевте изненадени, затоа што и ан блок сметате дека опозицијата ќе гласа против. Видовте и денеска опозицијата покажа ниво, беше подисциплинирана отколку вие. Според тоа за да се изненади некој, прво треба вие да се изненадите, па сите другите овде и значи ако ние не ја знаевме лекцијата, ја научивме во 2002 година. Јас ви пожелувам да ја научите и вие истата лекција, меѓутоа многу побрзо. Што значи уште малку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски бидејќи многу пати ме спомнавте, се надевам дека првото изненадете ме, сепак ми го давате мене, лиценцата за тоа. Но, знаете надежта секогаш последна умира. Јас знаев дека вие нема да ме изненадите, но еве побарав да ме изненадите во позитивна смисла не повеќе колку за СДСМ, или моменталната владеачка гарнитура, повеќе во смисла на тоа што сметам дека ако

вие сами себе позитивно се изненадите, дека тоа ќе биде покорисно за вашата партија.

Инаку што се однесува до биографијата на госпоѓа Ленче Софрониевска доблесно е да не се крие минатото, затоа што јас како претседател на Комисијата за избори и именувања побарав професионална биографија. Нормално, ако не стоеше тоа професионален член на претседателство од 1986 до 1989 ќе се запрашавте каде се тие години, или ако нешто беше поинаку претставено, нормално тоа ќе го откриевте. Затоа таа доблест треба да ја признаете бидејќи во тоа време вие бевте млад, но вака способен политичар да бевте малку постар сигурно можевте да буткате и до тие позиции како што има многу членови од вашата партија и од другите партии кои што беа и во претседателство и во ЦК. Во таа смисла сметам дека тој аргумент не ви држи, дури мислам дека е и позитивен аргумент.

Што се однесува до сите оние други ваши коментари во врска со луѓе кои што се предложени едно ме радува, дека никој од вас нема забелешка за професионализмот и стручноста на предложените членови. И мислам дека тоа е доволно добар чекор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Јордановски ќе ве прашам уште еднаш, дали сте вие изненадени што јас не ве спомнав во онаа комисија, а дополнително по ваша сугестија ве спомнав, или партиската комисија на СДСМ во која што членуваше и госпоѓата која сега е бирана. Изненаден ли сте вие дека таа беше член во таа комисија, или навистина знаете, но не сакате тоа да го признаете. Ако сте изненадени, признајте го тоа, кажете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Предлогот Ленче Софрониевска да биде избрана за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 54 гласале за, двајца се воздржале и 9 гласале против.

Констатирам дека Ленче Софрониевска е избрана за член на Републички судски совет.

Отворам претрес по предлогот Југослав Миленковиќ да биде избран за член на Републички судски совет.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Југослав Миленковиќ да биде избран за член на Републички судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 за и 5 против.

Констатирам дека м-р Југослав Миленковиќ е избран за член на Републички судски совет.

Отворам претрес по предлогот Ангел Солев да биде избран за член на Републички судски совет.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Ангел Солев да биде избран за член на Републички судски совет, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 57 за, 1 воздржан и 6 против.

Констатирам дека Ангел Солев е избран за член на Републичкиот судски совет.

Отворам претрес по Предлогот Абдулселам Канзовски да биде избран за член на Републички судски совет.

Ве потсетувам дека господинот Абдулселам Канзовски е од редот на заедниците и согласно регулативата тој се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија. Тоа значи дека неговиот избор е со 61 глас и од редот на вкупниот број на припадници на Заеднците кои се 35 мнозинство се 18 заради уставните одредби.

Отворам претрес по предлогот Абдулселам Канзовски да биде избран за член на Републички судски совет.

Молам, кој бара збор?

Има процедурално господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине претседателе бидејќи пратеничката група на ЛДП и дел од пратениците на СДСМ треба да заминеме на едно место, сега да не злоупотребувам, барам пауза од еден час  за да можеме да присуствуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам пауза од еден час.

Пауза до 14,30 часот.

(По паузата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прекинавме при претресот за Абдулселам Канзовски да биде избран за член на Судскиот совет.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Механизмот на гласање го обајснив за овој кандидат.

Предлогот Абдулселам Канзовски да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 61 пратеник, 3 пратеници се воздржале од гласање и 2 пратеници гласале против.

Господине Дика, вашиот предлог за гласањето дадовме да се проучува, има технички аспекти, денес ве молам да продолжиме со ова, а од утре кога ќе ни дадат софтерски можности, ќе видиме кои опции стојат на располагање.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство , има една варијанта само вие да гласате сега на копчињата, меѓутоа, ќе треба пак да провеируваме некој да не притиснал од другите пратеници. Од идната седница  ќе имаме решение.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Ве молам, кој е за да крене рака.

Ги молам службите да ги избројат гласовите.

Сите гласаа за.

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, за предлогот гласале 17 пратеници. Против не галсаше никој, од гласањето не се воздржа никој. Има пратеници кои се присутни, а кои не гласаа никако.

Сега сме во ситуација за пратеникот Абдулселман Канзовски доби потребен број на пратеници кои се мнозинство од вкупниот број на пратеници, а од потребните 18 , доби 17. Врз основа на тоа тој не е избран.

Господин Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине претседателе, се сомневам во гласањето, разликата е согласно Деловникот, но не сум сигурен дали пратениците од Демократската партија на албанците беа изброени. Се сомневам и барам подршка за поименично гласање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тие се воздржаа од гласање и тоа е во ред по Деловникот. За ова имате право ако се плус , минус 5. Во овој случај е минус 1, само треба да имате и подршка од 10 пратеници.

Има подршка од 10 пратеници.

Предлагам да се помине на поименично изјаснување само за пратениците кои гласаа вториот пат.

Пред да започне читањето на поименичната прозивка, за време на паузата ми се обрати г-динот Орданчо Тасев и ми укажа дека при неговата дискусија мојата забелеша ја сватил како цинична. Јас, доколку така се сватило и од другите, јавно се извинувам на г-динот Тасев, иако не ми беше намерата цинично да се свати тоа што го прашав дали по втор пат се јавува за збор. Тој така ја сватил и јавно му се извинувам за тоа.

АЛЕКСАНДАР НОВАКОСКИ:

1. АБДУЛАЌИМ АДЕМИ - за
2. АЛИ АХМЕТИ - отсутен
3. ТЕУТА АРИФИ - отсутна
4. ФАТМИР АСАНИ - против
5. НЕВЗАТ БЕЈТА - за
6. БЕЌИРИ НАЗМИ - отсутен

7. БУЏАКУ АГРОН - за
8. ДИКА ЗАМИР - против
9. ТАЛАТ ЏАФЕРИ - за
10. ЗИДИ ЏЕЛИЛИ - против
11. ФАЗЛИ ВЕЛИЈУ - отсутен
12. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - отсутен
13. ЌЕНАН ХАСИПИ - отсутен
14. ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД - за
15. АДНАН ЈАШАРИ - за
16. АДНАН ЌАХИЛ - отсутен
17. ХАЗБИ ЛИКА - отсутен
18. РУЖДИ МАТОШИ - против
19. НЕДИМ РАМИЗИ - за
20. МЕНДУХ ТАЧИ - отсутен
21. РАХЕТ МОМИНОВИЌ - отсутен
22. МУСТАФА НЕЖДЕТ - за
23. ЏЕБВДЕТ НАСУФИ - отсутен
24. ГЗИМ ОСТРЕНИ - за
25. КОСТА ПРЕШОСКИ - за
26. РАФИС АЛИТИ - за
27. ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
28. ЕЈУП РУСТЕМИ - за
29. САРАЧ ГАЈУР - за
30. ШАКИРИ ЏЕЗАИР - отсутен
31. ШАКИРИ ХИСНИ - за
32. СТОИЛКОВИЌ ИВАН - отсутен
33. ТОМИЌ ЗОРАН - за
34. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - отсутен
35. АГИМ ЏЕЛИЛИ - за

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

При повтореното гласање за се имаат изјаснето 17 пратеници, што е помалку од повеќе од половина од бројот на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија .

Врз основа на тоа констатирам дека Абдилселам Канзовски не е избран за член на Републичкиот судски совет.

Отворам претрес по предлогот Мустафа Дардишта да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мустафа ДардиШта да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаат сите пратеници.

Гласале 71 пратеник , 60 гласале за и 1 пратеник се воздржал од гласање, против гласале 10 пратеници.

Ова не ни дава можност да продолжиме со вторито , затоа што првиот услов не е задоволен. 61 пратеник е мнозинство потребно за избор.

Господин Шакири процедурално.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Бидејќи резултатот е многу низок за да се постигне тоа што г-динот Дарлишта да биде еден од членовите на Републичкиот судски совет и врз основа на Деловникот за работа на Парламентот, мислам дека е право да побараме да се гласа поединечно и барам поддршка од 10 пратеници, за да се искористи оваа процедура, која што ја овозможува Деловникот за работа.  Ви благодарам господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право. Дали имате подршка за таквото гласање. (Има подршка)

Го повикувам секретарот да изврши поименично гласање на сите пратеници.

АЛЕКСАНДАР НОВАКОСКИ:

1. АБДИЛАЌИМ АДЕМИ - за
2. РАФИС АЛИТИ - за

/

3. ИВАН АНАСТАСОВСКИ - за
4. СТОЈАН АНДОВ - отсутен
5. АНА АНДОВА - за
6. ПЕТАР АПОСТОЛОВ - за
7. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - за
8. ТЕУТА АРИФИ - отсутна
9. СЛАВЕ АРСОСКИ - за
10. ФАТМИР АСАНИ - отсутен
11. АЛИ АХМЕТИ - отсутен
12. ЉУПЧО БАЛКОСКИ - против
13. НЕВЗАТ БЕЈТА - за
14. НАЗМИ БЕЌИРИ - отсутен
15. НАТАША БИКОВА - за
16. РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ - за
17. СИЛВАНА БОНЕВА - отсутна
18. ВЕСНА БОРОЗАН - за
19. ЉУБЕ БОШКОСКИ - отсутен
20. АГРОН БУЏАКУ - за
21. АВДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
22. ФАЗЛИ ВЕЛИУ - отсутен
23. ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ - за

/

24. ЦВЕТАНКА ГАШОСКА - за
25. ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ - отсутен
26. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - против
27. БЛАГОЈА ГЕШОСКИ - за
28. КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ - за
29. БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ - за
30. СЛАВИЦА ГРКОВСКА - за
31. НИКОЛА ГРУЕВСКИ - отсутен
32. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - против
33. ЗАМИР ДИКА - отсутен
34. АНГЕЛ ДИМИТРОВ - за
35. КИРО ДОЈЧИНОВСКИ - за
36. САШО ДОХЧЕВ - за
37. ВАНЧО ЃОРГИЕВ - отсутен
38. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ - за
39. МАРЈАН ЃОРЧЕВ - против
40. АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ - отсутен
41. ЗОРАН ЗАЕВ - за
42. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО - отсутен
43. ЦВЕТАНКА ИВАНОВА - за
44. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА - за

/

| | | |
|---|---|---|
| 45. | ИГОР ИВАНОВСКИ | - за |
| 46. | ВЛАДО ИЛИЕВСКИ | - за |
| 47. | ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА | - за |
| 48. | АДНАН ЈАШАРИ | - за |
| 49. | ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ | - за |
| 50. | НИКОЛА Б. КАМЧЕВ | - за |
| 51. | ЖАРКО КАРАЏОСКИ | - против |
| 52. | САШКО КЕДЕВ | - отсутен |
| 53. | ИЛИЈА КИТАНОСКИ | - отсутен |
| 54. | МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА | - против |
| 55. | БОРИС КОНДАРКО | - за |
| 56. | ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА | - за |
| 57. | ТРИФУН КОСТОВСКИ | - отсутен |
| 58. | ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | - отсутен |
| 59. | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - отсутен |
| 60. | РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА | - отсутна |
| 61. | СОЊА ЛЕПИТКОВА | - за |
| 62. | СПИРО МАВРОВСКИ | - против |
| 63. | ЈАНИ МАКРАДУЛИ | - за |
| 64. | ЕФТИМ МАНЕВ | - против |
| 65. | РУЖДИ МАТОШИ | - отсутен |

/

| | | |
|---|---|---|
| 66. НЕДИМ РАМИЗИ | - | за |
| 67. ЉУПЧО МЕШКОВ | - | против |
| 68. БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА | - | за |
| 69. ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ | - | за |
| 70. РАФЕТ МУМИНОВИЌ | - | отсутен |
| 71. НЕЖДЕД МУСТАФА | - | за |
| 72. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | - | отсутен |
| 73. ЏЕВДЕТ НАСУФИ | | отсутен |
| 74. ПЕТАР НАУМОВСКИ | - | отсутен |
| 75. МИТЕ НИКОЛОВ | | за |
| 76. ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ | - | против |
| 77. ГЗИМ ОСТРЕНИ | - | за |
| 78. ЃОРГЕ ПАЛОШКОВСКИ | - | отсутен |
| 79. ВЛАДО ПАУНКОВ | - | за |
| 80. АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ | - | за |
| 81. РИСТО ПЕЈОСКИ | - | против |
| 82. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - | за |
| 83. КАМЕ ПЕТРОВ | - | за |
| 84. ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА | - | за |
| 85. ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА | - | за |
| 86. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - | за |

/

| | | |
|---|---|---|
| 87. | КОСТА ПРЕШОСКИ | - за |
| 88. | ИСМЕТ РАМАДАНИ | - отсутен |
| 89. | ЕСАД РАХИЌ | - за |
| 90. | КАРОЛИНА РИСТОВА | - за |
| 91. | ЕЈУП РУСТЕМИ | - за |
| 92. | ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА | - против |
| 93. | ГАЈУР САРАЧ | - за |
| 94. | ИЛИЈА СРБИНОВСКИ | - против |
| 95. | ВАНЧО СТАМЕНКОВ | - отсутен |
| 96. | СЛАВИЦА СТАНКОВСКА | - отсутна |
| 97. | ИВАН СТОИЛКОВИЌ | - отсутен |
| 98. | БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ | - отсутен |
| 99. | НЕЛКО СТОЈАНОСКИ | - за |
| 100. | ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ | - за |
| 101. | ОРДАНЧО ТАСЕВ | - отсутен |
| 102. | МЕНДУХ ТАЧИ | - отсутен |
| 103. | ЗОРАН ТОМИЌ | - за |
| 104. | РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА | - за |
| 105. | КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ | - против |
| 106. | ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ | - против |
| 107. | ТОМЕ ТРОМБЕВ | - за |

108. АДНАН ЌАХИЛ - отсутен

109. НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ - за

110. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - отсутен

111. ЌЕНАН ХАСИПИ - отсутен

112. ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ - за

113. СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ - против

114. ТАЛАТ ЏАФЕРИ - за

115. АГИМ ЏЕЛИЛИ - за

116. ЗИДИ ЏЕЛИЛИ - отсутен

117. ДРАГО ШАЈНОСКИ - отсутен

118. ЗОРАН ШАПУРИЌ - за

119. ИСНИ ШАЌИРИ - за

120. ЏЕЗАИР ШАЌИРИ - отсутен

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На гласањето за гласале 64 пратеници, против гласале 16 пратеници, никој не се воздржал, вкупно гласале 80 пратеници.

Господинот Шакири ме замоли за пауза од 15 минути пред да гласаме по новиот уставенмеханизам.

Објавувам пауза до 15,25 часот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Шаќири ме замоли за пауза од 15 минути, пред да гласаме по новиот уставен механизам.

Објавувам пауза до 15,25 часот.

(Пауза од 15,10 до 15,35 часот)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

(Пратеник бара збор процедурално)

Ве молам, на сред процедура за гласање сме, не можеме сега ..

Пауза дадов на барање на пратеникот Шаќири.

Ве молам да завршиме со гласање.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Молам, кој е за да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Ве молам не се слуша, не можеме да работиме.

Ве молам, пратениците што седат во средниот дел уште еднаш да се изјаснат со кревање рака и не ја спуштајте раката, не станувајте од местото додека се гласа.

15 пратеници гласаа во средниот дел и на другата страна уште 4.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има воздржан?

Нема.

Гласале вкупно 19 пратеници.

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство за предлогот гласаа 19 пратеници, против не гласаше никој и никој не се воздржа од гласање. Има пратениците што се присутни што не гласаа.

Констатитам дека Мустафа Дардишта е избран за член на Републички судски совет.

Има збор господинот Замир Дика, процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Почитувани колеги,

Само сакам да ми докажете дека знаете и вие дека свесно на флагрантен начин го прекршивте Деловникот за работа. Не може да се прекине седница во текот на процес на броење. Вие самите не би дадовте збор, бидејќи

рековте дека сме во процес на броење на гласови. Значи, ве молам да ми докажете, барем да речете, знам дека беше така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не беше во процес на броење меѓу гласањето на вкупниот број на пратеници и наредното гласање за припадниците кои не припаѓаат на мнозинството. Во тие услови господинот Шаќири побара пауза пред да се изврши процесот на гласање по новиот уставен механизам и ова е прво гласање, не е повторено. Таа забелешка не ја прифаќам.

Господинот Коце Трајановски бара збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас мислам дека се прекрши дел од Деловникот, со оглед дека во текот на гласањето се пбоара пауза и постои можност одреден пратеник од националностите кои што не се мнозинство, кај првото гласање, при гласањето преку копчињата да притисни на пример против, а сега да изгласа за, бидејќи во текот на паузата се создаде можност за влијание врз пратениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека беше процедурално, мислам дека и господинот Коце Трајановски дека пратеникот може да гласа при поединечното гласање различно од тоа.

Отворам претрес по предлогот Аќиф Османи да биде избран за член на Републички судски совет.

Молам, кој бара збор> (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Инаку, за господинот Аќиф Османи гласавме со истиот механизам.

Предлогот господинот Аќиф Османи да биде избран за член на Републички судски совет го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници да гласаат.

(По гласањето)

Гласале 78 пратеници. За гласале 11 пратеници.

Со оглед дека господинот Аќиф Османи не доби доволен број на гласови од вкупниот број на пратеници, второто гласање е ирелевантно, констатирам дека Аќиф Османи не е избран за член на Републички судски совет.

Отворам претрес господинот Трајко Вељаноски да биде избран за член на Републички судски совет. Ова гласање е согласно со уставните одредби кои не предвидуваат посебен механизам.

Молам, кој бара збор?

(Пратеникот Замир Дика бара збор за да се искаже како ќе гласа)

Процедурално ли барате збор? Ако не сте за процедурално изјаснување, има пред вас.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван претставник на предлагачот, почитувани дами и господа,

Заради ефикасноста, рационалноста и штедење на времето, јас ќе бидам краток. Еве, мојата дискусија ќе ја ограничам на пет минути.

(Господинот Јордановски својот рачен часовник го постави на површината на говорницата и отпочна со молчење, а во салата настана реакција)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам за тишина. Господине Јордановски, повелете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас, господине претседателе, веќе минута од својот говор потрошив, бидејќи ќе ми објасни некој како инаку говор може да се одржи кога со предлогот сте останати без збор, забезекнати и просто нем. Затоа, јас имам уште три минути од мојот говор да завршам.

(Господинот Јордановски продолжи со молчење, а во салата се слушна и аплауз)

Претседателот вели ако немам што да кажам, да зборам. Всушност, имам што да кажам, но не во врска со предлогот, бидејќи ви реков. Говорот не значи да се зборува, секое нешто има свои две спротивности и тоа радикални

спротивности. И, тоа што сме научени ние нашето мислење да го искажуваме со зборови и при тоа не внимавајќи какви зборови употребуваме, тоа е една работа. Но, мислам дека она што јас сега го правам е сосема јасно и симболично што мислам за овој предлог. Но сепак да го уважам предлогот на претседателот, иако сум останат без збор, сепак пораката која секогаш ја кажувам не може без збор да се каже и затоа го замолувам господинот Трајковски да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотребил институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓицата Доста Димовска ги навредил сите граѓани и ги повредил нивните основни права.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Дика бара збор.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседателе,

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Ако вие за овие предлози на господинот Трајковски ќе молчите, ние требаше да плачеме за предлозите што вие ги дадовте претходно. (Аплауз од некои пратеници)

Мислам дека ситуацијата навистина е доста сериозна. Самиот гест да позицијата ги предложи овие пет предлога кои што се изгласаа претходно, без да се консултира со опозицијата, кога значи се работи за една висока институција во сферата на судството, додека ги одби двата предлога кои што доаѓаат од претседателот Трајковски и за жал не ги контролираат, или пак има кои што парцијална контрола. За жал, ние како парламентарна група ќе гласаме дефинитивно против петте предлози во Парламентот, бидејќи не се слушаше гласот на опозицијата, додека сега ќе гласаме за со цел да покажеме дека вие до бескрај се обидувате да партизирате еден исклучително значаен орган, кој што ќе ја вратеше довербата на граѓаните во судството.

Ве молам, овие ситуации да се земат сериозно, да се направи обид од ваша страна, да се надминете себеси или да се изненадите себеси и заедно да изградиме една доверба во институцијата која се рангира меѓу последните по

довербата. Значи, денес јас мислам дека е црн ден за Република Македонија и за судскиот систем во Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Кондарко.

Пред тоа, господинот Буџаку има реплика на господинот Дика, за да мораме да го задржиме редот.

(Реакција од пратеник со желба да се искаже како ќе гласа и дека на тоа нема реплика)

Тоа е отворена дискусија. Стариот Деловник познаваше таков институт, новиот Деловник нема таков институт. Ние по инерција го применуваме.

Господин Буџаку реплика на господинот Дика.

Кондарко, пријавете се уште еднаш.

АГРОН БУЏАКУ:

Само сакам да и укажам на опозицијата на фактот дека е опозиција и на катастрофален начин, особено ДПА ги изгуби изборите, а една од причините за тоа зошто ги изгубија изборите минатата година е тие со функционирањето на судството и онака како што тие дејствуваа во судските институции, една од причините за загубите што ги имаа луѓето во судовите, создадоа еден револт кај населението. Кога знаеме каков ни е судскиот систем, и од овој аспект изборите што ние ги направивме, можеби некој ќе плаче, но народот и од овој аспект резултатите на овие избори што сега ги правиме ќе ги види и ќе ги вреднува кога ќе дојде време за наредните парламентарни избори. Значи, доколку некој плаче сега, мислам дека ќе плаче и по три години кога ќе дојдат парламентарните избори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господин Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

На оваа банална и навредувачка дискусија, покрај се, нема да одговорам со истиот тон. Немојте да заборавите дека не е 15 септември 2002

година, кога победивте на изборите, туку е 23 септември 2003 година кога албанците се понижени со сета таа жртва што ја дадоа, очекувајќи вие почитувани власти, кога ќе седнете на тие столчиња да не ги заборавите проблемите на тие што се жртвуваа тие за да дојдете вие до тие столчиња. Вие правите недозволива партизација на судството. Факт е дека никаква консултација не сте направиле со опозицијата во текот на именувањето на овие судии. Ова е факт и наместо да фактографирате дека сакате навистина да одите напред во ова општество, вие само ја обвинувате опозицијата. Немојте друг да обвинувате, туку почнете со работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани пратеници, можеби предлогот на господинот Борис Трајковски е за плачење, меѓутоа, јас нема да премолчам за Трајко Вељановски.

Ќе поставам три прашања и ќе дадам три одговори за Трајко Вељановски.

Прво, дали Трајко Вељаноски е партиски човек? Да.

Дали Трајко Вељаноски бил истакнат партиски функционер на ВМРО-ДПМНЕ? Да.

Дали Трајко Вељаноски е истакнат правник? Не.

Е како тогаш и според услов господин Трајко Вељаноски исполнува да биде член на Републички судски совет?

Затоа, од името на пратеничката група на СДСМ сакам да кажам дека нема да го поддржиме предлогот Трајко Вељаноски да биде избран за Републичкиот судски совет. Сметаме дека ваквото решение е проста копија на преседанот што ВМРО-ДПМНЕ го направи со изборот на Томислав Стојановски за член на Републичкиот судски совет. Имено, ВМРО-ДПМНЕ во неколку наврати се обидува да го провне ова кадровско решение и во Уставниот суд и во Врховниот суд на Република Македонија. Исто како нивниот партиски член Никола Николовски, кој без ниту еден ден судско искуство, без исполнување н основните услови стана член на Врховниот суд на Република Македонија, со што веројатно ќе треба да се позабави и новиот судски совет.

Еве сега ова кадровско решение преку ВМРО-ДПМНЕ претпоставуваме дека сака преку претседателот Трајковски да се обиде да го вметне во Републички судски совет. За нас ова е неприфатливо, непристојно и смешно, зашто кој е тој експерт што истовремено е способен да биде кандидат и за Врховниот суд и за Уставниот суд и за Републички судски совет, за трите највисоки правосудни институции во Република Македонија.

Поради ова, го поставуваме прашањето и воедно изразуваме соменвање дали ваквиот предлог на господинотг Борис Трајковски е всушност враќање на долг за работата на Трајко Вељаноски во Државната изборна комисија за време на претседателските избори 1999 година, исто како што ВМРО-ДПМНЕ се раздолжи на Благородна Дулиќ, која се заблагодари за истото, 1999 година на претседателските избори.

Токму за овој период, како и за локалните избори наредната година потоа, постојат основани сомневања дека можеби токму Трајко Вељановски е еден и постојат индиции дека е еден од инволвираните и дека е поврзан со аферата на исчезнувањето на преку 14 илјади избирачки легитимации од подрачните единици на Министерството за правда во Гостивар и Тетово, а тој во тој период, да потсетам, беше заменик министер за правда и член на Државната изборна комисија.

Исто така, постојат одредени сознанија дека можеби од негова страна, односно веројатно од негова страна се вршени и одредени притисоци врз судии, а посебно врз членови и претседатели на изборни комисии за времето додека тој беше заменик министер за правда, односно заменик член и член во Државната изборна комисија.

Она што јас лично можам да го кажам и да го потврдам овде како мој впечаток додека и јас бев член на Државната изборна комисија е дека Трајко Велјаноски кон тогашната опозиција и кон судиите се однесуваше исклучително насилнички и заканувачки.

Согласно наведеното, сметам дека ваков човек не треба и не може да извршува ваква одговорна функција и да одлучува за работата на судиите.

На крајот сакам да кажам дека ако Трајко Велјаноски е нивото на Борис Трајковски, тогаш предлогот за нас е разбирлив, меѓутоа, поради ваквиот предлог и поради образложението кое го дадов како и помилувањето на госпоѓицата Доста

Димовска од страна на Борис Трајковски, нивото на Борис Трајковски не е да биде претседател на Република Македонија и затоа го повикувам да поднесе оставка.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Трендафилов реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Изненаден сум од жолчноста на на зборовите кои ги бираше господинот Кондарко и се согласувам дека на господинот Трајко Вељаноски навистина не му одговара и не му слижи на чест да се наоѓа во друштво со овие предлози кои денеска дојдоа од СДСМ затоа што, да се потсетиме, СДСМ најде доблест да стави член на Уставниот суд лице кое тогаш работеше во Владата на Република Македонија како советник, а истовремено органите на прогонот на седум наврати не умееја да пронајдат на која адреса живее во неговиот роден град Тетово.

Го прифаќам предлогот дека навистина на господинот Вељаноски не му служи за чест да биде во друштво со такви кандидати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Караџоски, реплика на Кондарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван господине Кондарко, сакам едно да расчистиме. Господинот Трајко Вељаноски доаѓа како предлог од претседателот на државата. Не знам зошто толку жолчно сакате да ја истакнете поврзаноста на претседателот на државата со ВМРО-ДПМНЕ. (Општа смеа во салата).

Јас сакам да ве потсетам дека, дозволете ми да се искажам, сакам да ве потсетам дека тој стана претседател како наш кандидат, меѓутоа, откако стана претседател тој овде јавно кажа дека партиската книшка ја става во мирување и дека е претседател на сите граѓани.

Спрема тоа, како претседател на оваа држава има право да си поднесува предлози какви што тој сака. ВМРО-ДПМНЕ во то дел односно во делот на кандидатите кои ги предложил нема никаква врска. Зошто си го избрал овој кандидат за кој вие зборувте, тоа е негово право. Меѓутоа, јас ќе се вратам на она што вие сакате да кажете. Трајко Вељаноски е партиски член, ќе беше доблесно од

вас и ќе беше навистина искрено доколку и за Ленче Софрониевска истото ова го кажавте. Тогаш се кажа дека навистина партизацијата во судството штети за сите особено за судската власт. Значи, да имаме доследност, а не едниот ни пречи затоа што е член на ВМРО-ДПМНЕ, а другиот не затоа што е член на СДСМ. Да имаме исти критериуми кога зборуваме за партизација.

На крајот да ви кажам една друга работа ВМРО-ДПМНЕ за случајот на Томислав Стојановски, за случајот на Никола Николов таа партизација која ја правеше ги доби изборите на 15 септември. Лошо е што вие продолжувате истото да го правите со тоа што тоа е спротивно од вашите ветувања. Каде ќе ве однесе таа политика, мислам дека нема далеку, туку онаму каде нас не донесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Блаже Стојановски реплика на Кондарко.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам само да го потсетам господинот Кондарко дека покрај тоа што кажува за партиската припадност или не припадност на предлозите, треба да знае дека денеска расправаме согласно Законот за изменување на Законот за Републички судски совет каде децидно е наведено дека во рок од 60 дена треба да се изврши избор на членовите на Републичкиот судски совет, а тие 60 дена се изминати на 9 септември оваа година.

Ако зборуваме објективно за реални законски основаности на нашата расправа треба прво тоа да го имаме во предвид, а второ, треба да се има во предвид доследноста односно да се избегне лицемерието со кое се зборува затоа што јавноста знае да ги цени фактите, а тоа имавте предлог за член на Републичкиот судски совет, на човек кој 17 години работи во Уставниот суд на Република Македонија, а денес го гласате истиот човек на Републичкиот судски совет, а не го предлагате за член на Уставниот суд каде носите министер за кој кажувате дека бил непартиски. Немојте да го лажете народот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Спиро Мавровски реплика на Кондарко.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Кондарко добро постави прашање и одговори. Колку што се сеќавам оваа седница е продолжение на една седница на која се разговараше само за госпоѓата Ленче Софрониевска, беа изнесени многу вистини, а не како што кажуваше г. Кондарко претпоставки, тези, индиции, можеби, ќе биде и не знам уште што. Значи, се кажа за замешаноста во фришоповите, целата приватизација ја вршеше токму госпоѓата Ленче Софрониевска, а за партиското членство можеби знае повеќе отколку јас и на крајот господата од СДСМ многу галантно ја изгласаа госпоѓата Ленче Софрониевска.

Мислам дека ќе најдат доблест и во овој случај и покрај тоа што е партиски, непартиски или не знам каков предлог од Претседателот, па повторно да гласаат.

Но, јас би се задржал на нешто што многу често ни се форсира дека тоа што е понудено од позицијата тоа се експерти за кои ние треба да размислиме како што некој од колегите коментираше, ние треба да размислиме, но гледајќи ги нивните експертизи, знаења и познвања стигнуваме до возачка дозвола и дека се жители на населбата Дреновец. Ако е тоа господа пратеници за што вие гласате и за тоа што тие се експертите кои Македонија ќе ја извадат на прав пат продолжете, ние нема за што да гласаме, оставаме на вас.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Трајановски реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе. Сметам дека со дискусијата на претходниот дискутант кој навлезе во лични навреди на кандидатот на некој начин го симна дигнитетот на Собранието, кандидатот го направи криминалец, насилник од Државната изборна комисија, во неговите стручни квалитети, не знам што е Кондарко по професија, морал да има контакти со него, меѓутоа, сметам дека ништо од ова не држи, а ако веќе држи и ако е веќе така би требало за сите кандидати да се стави под еднаква критика. Кажа г. Спиро Мавровски какви кандидати поминаа од мнозинството, со каква биографија.

Второ, што се однесува на оставката на г. Борис Трајковски, претседателот на Република Македонија. Јас мислам дека ќе беше подобро да

дадеше порано оставка, меѓутоа, со тоа СДСМ немаше да има амбасадори од нивните видни членови како што се Ѓорѓи Спасов и Благој Ханџиски. Сметам дека на СДСМ претседателот му треба само кога ќе има корист од него, а вака го игнорира и дискутира со прозивање на одредени членови.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трајко Велјановски да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 14 пратеници.

Констатирам дека Трајко Велјановски не е избран за член на Републички судски совет.

На избраните членови на Републичкиот судски совет им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Констатирам дека согласно член 104 став 4 од Уставот на Република Македонија со денот на изборот новите членови на Републичкиот судски совет престануваат да вршат други јавни функции, професии и да членуваат во политички партии.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 34-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши со работа во 16,05 часот.